# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 16 Јули 2015 година Скопје Бр.9 Год.X |
| --- | --- |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


***Содржина:***


1. **Одлука за утврдување на зони на градежно земјиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров....................................................................................................................2**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/02 ) и член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на зони на градежно земјиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на зони на градежно земјиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесет и деветата Седница на Советот, одржана на ден 16.07.2015 година.

**Број 09-2039/1**
**од 16.07.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 83 и 84 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ бр.17/11,53/11,144/12,25/13,137/13 и 163/13), Програмата за урбано планирање„Ф,"на Општина Ѓорче Петров за 2015 година (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров(бр.12/2014) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 39-тата седница, одржана на ден 16.07.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на зони на градежно земјиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат зоните на градежното земјиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за спроведување на постапките согласно Законот за градежно земјиште и Законот за експропријација.

**Ч л е н 2**

Зоните од член 1 на оваа одлука се определуваат согласно локалните услови и степенот на уредено градежно земјиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров согласно Програмата за урбано планирање„Ф,"на Општина Ѓорче Петров за 2015 година (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров(бр.12/2014).

За зони на подрачјето на Општина Ѓорче Петров се сметаат:

КОМПЛЕКС-2

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните административни граници утврдени со Генералниот урбанистички план и тоа: СЗ 15 , СЗ 16 , СЗ 18, СЗ 20 и СЗ 25.

За овој комплекс согласно локалните услови, степенот на уреденост на градежното земјиште и постигната пазарна цена на земјиштето во претходните години се утврдува цена од 35 Евра/м2.

КОМПЛЕКС-3

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните административни граници утврдени со Генералниот урбанистички план и тоа: СЗ 08 , СЗ 14 и СЗ 21.

За овој комплекс согласно локалните услови, степенот на уреденост на градежното земјиште и постигната пазарна цена на земјиштето во претходните години се утврдува цена од 30 Евра/м2.

КОМПЛЕКС-4

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните административни граници утврдени со Генералниот урбанистички план и тоа: СЗ 03 , СЗ 04 , СЗ 05, СЗ 13 , СЗ 24 и СЗ 27.

За овој комплекс согласно локалните услови, степенот на уреденост на градежното земјиште и постигната пазарна цена на земјиштето во претходните години се утврдува цена од 25 Евра/м2.

КОМПЛЕКС-5

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните административни граници утврдени со Генералниот урбанистички план и тоа: СЗ 06 , СЗ 09 , СЗ 10, СЗ 11 и СЗ 12.
За овој комплекс согласно локалните услови, степенот на уреденост на градежното земјиште и постигната пазарна цена на земјиштето во претходните години се утврдува цена од 20 Евра/м2.

КОМПЛЕКС-6

Подрачјето за овој комплекс се состои од следните административни граници утврдени со Генералниот урбанистички план и тоа: СЗ 01 , СЗ 02 и СЗ 07.
За овој комплекс согласно локалните услови, степенот на уреденост на градежното земјиште и постигната пазарна цена на земјиштето во претходните години се утврдува цена од 15Евра/м2.

За зона НАСЕЛЕНИ И ВОННАСЕЛЕНИ МЕСТА на Општина Ѓорче Петров се сметаат:

КОМПЛЕКС-7

Подрачјето за овој комплекс е утврдено со границите на урбанистичките планови за следните населени места: Ново Село, Кисела Јабука , Волково и Орман.

За овој комплекс согласно локалните услови, степенот на уреденост на градежното земјиште и постигната пазарна цена на земјиштето во претходните години се утврдува цена од 10 Евра/м2.

КОМПЛЕКС-8

Подрачјето за овој комплекс е утврдено со границите на урбанистичките планови за следните населени места: Никиштане, Кучково , Веле Поле и Грачане.

За овој комплекс согласно локалните услови, степенот на уреденост на градежното земјиште и постигната пазарна цена на земјиштето во претходните години се утврдува цена од 5 Евра/м2.

**Ч л е н 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 08-2031/3**
**Од 16.07.2015 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**